ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 4 ДАТА 30.03.2015 ГОДИНА 33

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**МАКФУДБАЛ**

ВОНРЕДЕН БРОЈ 4 ДАТА 30.3.2015

## СОДРЖИНА

- ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА СО ПОСРЕДНИЦИ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК
## ЗА РАБОТА СО ПОСРЕДНИЦИ

Скопје, март 2015 година

Врз основа на член 56 став 1 алинеа „и“ од Статутот на ФФМ ,во согласност со минимум условите пропишани со ФИФА Правилникот за работа со посредници публикуван во 2014 година, Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија на ден 30.03.2015 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА РАБОТА СО ПОСРЕДНИЦИ ВО ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### Општи одредби

**Член 1**

Целта на носењето на Правилникот за работа со посредници на Фудбалската федерација на Македонија е промовирање и штитење на високиот етички стандард во односите помеѓу клубовите , фудбалерите и трети лица во насока на штитењето на интегритетот на фудбалската игра.

**Член 2**

Со овој правилник се врши превенција и заштита на клубовите и фудбалерите од изложеноста на неетички и нелегални практики при склучување на договори за вработување помеѓу играчите и клубовите и склучување на договори за трансфер.

**Член 3**

Со одредбите на овој правилник се утврдуваат:

- обврските за ФФМ, клубовите, фудбалерите и посредниците,
- начинот на регистрација на посредниците
- начинот на пресметка на надоместот за посредниците
- начинот на санкционирање на непочитување на одредбите на Правилникот.

**Член 4**

Под посредник во смисла на овој Правилник се подразбира физичко или правно лице кое за одреден надомест или без надомест, ги претставува играчите и/или клубовите во преговорите со цел склучување на договори за вработување или ги претставува клубовите во преговори со цел склучување договор за трансфер.

Терминот физичко лице се однесува на двата пола.

Сите термини во еднина се применливи и во множина и обратно.

**Член 5**

Одредбите од овој Правилник се применуваат во случаите кога фудбалерите и клубовите користат услуги на посредници при:

- Склучување на договор за вработување помеѓу фудбалер и клуб и/или
- Склучување на договор за трансфер помеѓу два клуба.

**Член 6**

За времетраењето на Договорот за претставување склучен согласно овој Правилник не е дозволено склучување на договори помеѓу посредниците од една страна и федерацијата, ОФС, здруженијата на клубови како друга договорна страна кои би можеле да водат кон потенцијален конфликт на интереси.

**Член 7**

Улогата на посредник не смеат да ја вршат официјални лица согласно Статутот на ФИФА односно службени лица , членови на тела, органи,одбори, комисии, судија, контролор, селектор, тренер или било која друга личност одговорна за стручни, медицински и административни работи во ФИФА, Конфедерација, Асоцијација, членки на ФФМ, клубови и други кои согласно функцијата или работните задачи имаат обврска да ги почитуваат статутот и актите на ФИФА и ФФМ (со исклучок на фудбалерите).

Посредникот има обврска да ги почитува статутот и актите на ФИФА и ФФМ.

**Член 8**

Пред отпочнување на активностите за посредување (советување, преговарање, договарање и сл.) договорните страни - фудбалерите односно клубовите од една страна и посредникот од друга страна задолжително потпишуваат Договор за претставување.

Посредникот задолжително потпишува и Декларација за посредник непосредно пред потпишување на предметниот договор за претставување или друг договор за посредување.

Посредникот кој потпишал Договор за претставување а не потпишал Декларација за посредник (во прилог на Правилникот) не може да врши било какви работи поврзани со посредување.

Фудбалерите и клубовите имаат обврска да внимаваат и го почитуваат став еден на овој член.

## Посебни одредби

**Член 9**

Преку посебен систем за регистрација на посредници, ФФМ ги регистрира сите поединечните трансакции во кои биле вклучени посредници.

ФФМ води евиденција на регистрираните посредници.

Посредникот влегува во евиденција со неговата прва трансакција односно со склучување на првиот договор за посредување по влегување во сила на овој правилник.

При регистрација на секоја трансакција на посредникот, до надлежната служба на ФФМ , клубот односно фудбалерот мора да депонираат и примерок од договорот за претставување.

Во случај на обнова на договорот за претставување или измена и дополнување на истиот, до надлежната служба на ФФМ задолжително се доставува примерок од истиот.

**Член 10**

Пред да се превземат било какви активности од страна на посредникот задолжително се склучува Договор за претставување.

Договор за претставување се склучува во писмена форма и истиот мора да ги содржи следните минимум информации:

- имиња на договорните страни
- адреса на живеење и ЕМБГ
- правната рамка на претставувањето (дали се работи за услуга и за каква услуга станува збор, советување, вработување, трансфер и сл.)
- времетраење
- износ на договорениот надоместок за посредникот
- генерални услови за начин на плаќање
- одредби за раскинување
- датум на склучување
- потписи на договорните страни
- клаузула согласно член 11 од овој Правилник

Во случај на претставување на малолетен фудбалер, договорот го потпишува и родител-старател во согласност со позитивните законски прописи во РМ.

Доколку како страна на договорот се јавува странски државјанин како минимум информација се сметаат и податоците :

- број на пасош
- датум, место и орган кој го издал.

**Член 11**

Договорните страни имаат обврска на барање на надлежно тело на ФФМ, УЕФА, ФИФА или друга конфедерација на ФИФА поради превземање на истражни активности по индиции за сторен прекршок да ги достават на увид сите договори и други документи со кои се исплатени или треба да се исплатат услуги од било каков вид во врска со претставувањето , вклучително и исплатите на рати.

Фудбалерите и клубовите треба да постигнат согласност со посредникот во врска со став 1 од овој член.

Постигнатата согласност во вид на посебна одредба треба да биде содржана во Договорот за претставување.

**Член 12**

При склучување на договори за вработување/професионални договори/ и договори за трансфер во кои е вклучен посредник, договорите задолжително го содржат името и потписот на посредникот.

Доколку при склучување на договорите за вработување/професионални договори/ и договори за трансфер не е вклучен посредник, фудбалерите и клубовите имаат обврска при доставување на документација за регистрација /објава на договор да достават изјава за истото во писмена форма.

**Член 13**

Фудбалерите кои ангажираат посредник при склучување на договор за вработување/трансфер или продолжување на постоечкиот договор имаат обврска при секоја регистрација/објава на договорот во Макфудбал да ги достават и следните документи:

- Декларација за посредник потпишана од посредникот(во прилог на правилникот);
- Договор за претставување;
- Изјава доколку со договорот не е определен надомест;
- Било каков договор или друг документ доколку со него е определен или платен надоместок или е договорено плаќање на надоместок на рати;
- Писмената согласност постигната помеѓу клубот и фудбалерот која страна ќе го исплати надоместокот на посредникот доколку за иста трансакција/посредување и клубот и фудбалерот имаат намера да ангажираат ист посредник. (доколку е применливо)
- Потврда за неосудуваност за посредникот како физичко лице (не постара од датумот кога е потпишана Декларацијата на поредникот) односно за овластеното лице на правното лице кое се јавува како посредник;

**Член 14**

Клубовите кои ангажираат посредник при склучување на договор за вработување на фудбалер/трансфер или продолжување на постоечкиот договор имаат обврска при секоја објава на договорот во Макфудбал да ги достават и следните документи

- Декларација за посредник потпишана од посредникот (во прилог на правилникот)
- Договор за претставување (доколку истиот претходно не е доставен)
-Изјава доколку со договорот не е определен надомест.
- Било каков договор или друг документ доколку со него е определен или платен надоместок или е договорено плаќање на надоместок на рати.
- Писмената согласност постигната помеѓу клубот и фудбалерот која страна ќе го исплати надоместокот на посредникот доколку за иста трансакција/посредување и клубот и фудбалерот имаат намера да ангажираат ист посредник. (доколку е применливо)
- Потврда за неосудуваност за посредникот како физичко лице (не постара од датумот кога е потпишана Декларацијата на поредникот) односно за овластеното лице на правното лице кое се јавува како посредник

**Исплата на посредници**

**Член 15**

Исплатата на посредниците се врши исклучиво жирално.

Исплата која не е направена согласно став 1 на овој член, ќе се смета дека не е извршена.

**Член 16**

Надоместокот што го прима посредникот кој ги застапува интересите на фудбалерот и настапува во име на фудбалерот, се пресметува врз основа на

вкупниот износ на основните бруто примања пресметани за периодот на времетраење на договорот.

Надоместокот од став 1 не смее да биде поголем од 3% од вкупниот износ на основните бруто примања пресметани за периодот на времетраење на договорот.

**Член 17**

Надоместокот што го прима посредникот кој ги застапува интересите на клубот и настапува во име на клубот се пресметува врз основа на договорена сума со клубот пред склучување на соодветниот договор за вработување на фудбалер односно трансфер.

Надоместокот од став 1 кога се работи за договори за вработување не смее да биде поголем од 3% од вкупниот износ на договорените основни бруто примања на фудбалерот пресметани за периодот на времетраење на договорот.

Надоместокот од став 1 кога се работи за договори за трансфер не смее да биде поголем од 3% од евентуалниот договорен надоместок кој клубот го плаќа за трансфер на фудбалерот на клубот од каде заминува фудбалерот.

По постигната писмена согласност исплатата може да се реализира и на рати.

**Член 18**

Забрането е надоместоците со кои се плаќа тренинг компензација, солидарна исплата и исплата по основ трансфер, да се уплатуваат на сметка на посредникот како и посредникот истите да ги уплаќа на сметка на клубот-носител на правото.

Со забраната од став еден се опфатени и други финансиските побарувања/интереси кои може да произлезат од договорениот трансфер на фудбалерот или идна трансфер вредност на фудбалерот но не се ограничува само на нив.

Забрането е пренесување и истакнување на правото за било какво побарување како обезбедување на и од страна на посредникот.

**Член 19**

Исплатата за услугите на посредникот се врши исклучиво на посредникот и исклучиво од другата договорна страна.

Исклучок од став еден претставува писмената согласност од фудбалерот дадена на клубот, по претходно добиена согласност од клубот со кој склучил договор, за исплата на посредникот кој посредувал на страната на фудбалерот.

Исплатата од став два се врши по склучувањето на предметниот договорот за вработување под услови и на начин што е договорено.

**Член 20**

Исклучок на став 1 член 19 претставува и писмената согласност постигната помеѓу клубот и фудбалерот која страна ќе го исплати

надоместокот на посредникот доколку за иста трансакција /договор и клубот и фудбалерот имаат намера да ангажираат ист посредник.

Договорните страни од став 1 имаат обврска да ја информираат за истото ФФМ при поднесување на документација.

**Член 21**

На сите лица наведени во член 7 од овој Правилник им се забранува да примаат од посредници било какви финансиски средства поврзани со трошоци направени за определена финансиска трансакција на посредникот.

За непридржување кон став еден на овој член на официјаллните лица сносат дисциплинска одговорност.

**Член 22**

На клубовите и фудбалерите им се забранува исплата на посредник за посреднички активности поврзани со преговарање и склучување на договор за вработување и или трансфер на фудбалер доколку фудбалерот за време на посредувањето е малолетен согласно позитивните законски прописи на Р.Македонија.

**Судир на интереси**

**Член 23**

Пред ангажирање на посредник и клубовите и фудбалерите треба да бидат доследни во настојувањата да ја утврдат можноста или постоењето на судир на интереси.

Со цел да се избегне судир на интереси, вклучувајќи ја и состојбата опишана во член 20, *посредникот* има обврска доколку постои актуелна или потенцијална можност за судир на интереси со една од страните вклучени во трансакцијата, договорот за претставување или други заеднички интереси, по писмен пат да им ја обзнани истата на договорните страни пред започнување на посредничките активности.

Обврска е на посредникот да обезбеди итна писмена согласност од инволвираните страни од став 1 на овој член пред започнување на посредничките активности.

**Член 24**

Секоја страна која е директно или индиректно вклучена при ангажирање, договарање, склучување на било каков договор или друга активност предмет на овој правилник должна е да ги почитува одредбите на овој правилник,статутот и актите на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

**Прекршоци и санкции**

**Член 25**

Премолчувањето за постоење на договор од страна на посредникот со ФИФа, Конфедерација , Асоцијација на ФИФА, членка на ФФМ при склучување на Договор за претставување или друг договор поврзан со посредување кој може да доведе до судир на интереси, се смета за прекршок согласно одредбите на овој правилник и претставува доведување на орган во заблуда заради стекнување на предност и противправна корист корист спротивно на одредбите на овој правилник.

Прекршокот од став може да претставува услов за раскин на договорот за посредување.

За прекршокот од став еден на посредникот му се изрекува дисциплинска мерка согласно член 84 (Измама и доведување во заблуда) од Дисциплинскиот Правилника на ФФМ.

**Член 26**

Давање на лажна изјава за неосудуваност согласно т.3 од Декларацијата за посредник е прекршок согласно одредбите на овој Правилник

За давање на лажна изјава за неосудуваност согласно т.3 од Декларацијата за посредник, на посредникот му се изрекува дисциплинска мерка согласно член 84 (Измама и доведување во заблуда) од Дисциплинскиот Правилника на ФФМ.

**Член 27**

Пристапувањето кон посреднички активности без претходно склучен Договор за посредување и потпишана Декларација за посредник се смета за прекршок согласно одредбите на овој правилник.

На посредникот, фудбалерот, клубот кои пристапат кон посреднички активности без претходно да имаат склучено Договор за посредување и потпишана Декларација за посредник ќе им се изрече дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 28**

Исплата на надоместок за посредување повисок од определениот со член 16, член 17 и член 18 од овој правилник се смета за прекршок согласно одредбите на овој правилник.

На посредникот, фудбалерот, клубот кој исплатат/примат надоместок за посредување повисок од максимално определниот износ ќе им биде изречена дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 29**

За прекршоците од член 18 поврзани со уплата/исплата на и од страна на посредникот по основ тренинг компензација , солидарна исплата и исплата по основ трансфер се изрекува дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 30**

Исплатата за посредување направена од неовластено лице во корист на посредникот се смета за прекршок согласно одредбите на овој правилник.

Во случај на неовластена исплата посредникот има обврска да ги врати неовластено уплатените средства и истото го пријави до надлежен орган на ФФМ.

За непочитување на оваа одредба се изрекува дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 31**

Занемарувањето на известување по писмен пат за актуелна или потенцијална можност за конфликт на интереси со една од страните вклучени во трансакцијата, договорот за претставување или други заеднички интереси од страна на посредникот пред започнување на посредничките активности претставува прекршок согласно одредбите на овој правилник.

За непочитување на оваа одредба се изрекува дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 32**

Започнување на посреднички активности без писмена согласност од инволвираните страни при актуелна или потенцијална можност за конфликт на интереси со една од страните вклучени во трансакцијата, договорот за претставување или други заеднички интереси претставува прекршок согласно одредбите на овој правилник.

За непочитување на оваа одредба се изрекува дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 33**

Посредување за финансиска надомест при склучување на договори за вработување/трансфер за малолетни фудбалери претставува прекршок согласно одредбите на овој правилник.

За непочитување на оваа одредба на инволвираните страни им се изрекува дисциплинска мерка согласно член 85 (Занемарување на обврски) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 34**

Давање на лажна изјава за неземање на учество во обложување, лотарија и слични активности како и непоседување на акции во правни лица кои истите ги организираат согласно т.7 од Декларацијата за посредник е прекршок согласно одредбите на овој Правилник

За давање на лажна изјава од став еден на овој член на посредникот му се изрекува изрекува дисциплинска мерка согласно член 84 (Измама и доведување во заблуда) од Дисциплинскот Правилник на ФФМ.

**Член 35**

Дисциплинска постапка за непочитување на одредбите од овој Правилник може да покрене фудбалер, клуб, надлежно тело за верификација на ФФМ и Дисциплински инспектор на ФФМ.

Дисциплинската постапка ја води Дисциплинската комисија на ФФМ во прв степен, согласно Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.

Во втор степен одлучува Комисија за жалби на ФФМ.

Субјектите на дисциплинска одговорност согласно овој правилник имаат право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од

добивање на одлуката на првостепениот орган со уплата на такса определена од страна на Управниот одбор на ФФМ.
Одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ е конечна.

**Член 36**

Конечните одлуки со кои е изречена дисциплинска мерка на посредник задолжително се доставуваат до Дисциплинскиот Комитет на ФИФА на понатамошно постапување.

**Објава**

**Член 37**

ФФМ секоја година до крајот на месец март транспарентно ги објавува (пр: во Макфудбал или официјалната веб страна на ФФМ) имињата на сите посредници кои ги има регистрирано ; поединечните трансакции во кои биле вклучени; износите на надоместоците кои посредниците ги договориле со фудбалерите и фудбалските клубови

Објавата од став 1 се однесува на вкупниот износ за сите фудбалери и вкупниот износ за секој клуб поединечно за период од една година.

По барање на регистриран клуб или фудбалер надлежно тело на ФФМ може да достави информации поврзани со релевантните трансакции за кои е утврдено дека се направени спротивно на одредбите на овој Правилник.

**Член 38**

Конечните одлуки со кои е изречена дисциплинска мерка на посредник задолжително се доставуваат до Дисциплинскиот Комитет на ФИФА на понатамошно постапување.

**Завршни одредби**

**Член 39**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се применува од 01.04.2015година.
Правилникот да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ „Макфудбал".

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

# Декларација за посредник за физички лица

Име:________________________________________

Презиме:____________________________________

Датум на раѓање:_____________________________

Државјанство:________________________________

Адреса , телефон/факс и е-пошта:

____________________________________________________________________________________________

Јас , ______________________________________________________

(име, презиме на посредникот)

**ИЗЈАВУВАМ ДЕКА:**

**1**. Се обврзувам дека при вршење на моите активности како посредник ќе ги почитувам и ќе се однесувам согласно сите задолжителни одредби на позитивното националното и меѓународното законодавство применливи на работната позиција која ја завземам како посредник.
Исто така се обврзувам дека при вршење на моите активности како посредник ќе ги почитувам и се согласувам со примената на одредбите од статутите и правилниците на асоцијациите и конфедерациите како и Статутот и и правилниците на ФИФА.

**2.** Изјавувам дека во моментов немам позиција на официјално лице, како што е објаснето во точка 11 во делот на Дефиниции од статутите на ФИФА, ниту пак ќе заземам таква позиција во блиска иднина.

**3**. Изјавувам дека имам беспрекорна репутација и потврдувам дека надлежни судски, односно управни органи против мене немаат изречено казна за извршени кривични дела, односно прекршоци поврзани со финансиски или криминал поврзан со насилство.

**4.** Изјавувам дека немам склучено договор со лига, асоцијација, конфедерација или ФИФА кој би можел да доведе до потенцијален судир на интереси. Во случај на сомнеж за постоење на потенцијален судир на интереси склучениот договор/и ќе бидат даден/и на увид.
Исто така потврдувам дека разбирам за непримерливоста (директна или индиректна) на таквиот договор склучен со лига, асоцијација, конфедерација или ФИФА во случај на постоење на судир на интереси при вршењето на моите активности како посредник.

**5.** Изјавувам дека согласно член 7 став 4 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници, нема да прифатам да извршам никаква уплата од еден на друг клуб по основ трансфер компензација, тренинг компензација или солидарен придонес.

6. Изјавувам дека согласно член 7 став 8 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници, нема да прифатам било каква исплата од било која страна доколку фудбалерот за кој се работи е малолетен согласно дефиницијата од точка 11 од делот Дефиниции од Правилникот за статус и трансфер на играчите на ФИФА.

7. Изјавувам дека нема да учествувам директно или индиректно или нема на друг начин да бидам вмешан во обложување, коцкање, лотарии и слични настани или трансакции поврзани со фудбалски натпревари.
Разбирам дека ми е забрането да поседувам акции ,активно или пасивно во компании, концерни, организации, итн. кои вршат брокерска улога, промовираат, уредуваат или земаат учество во такви настани или трансакции.

8. Во врска со член 6 став 1 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници, се согласувам на асоцијацијата (федерацијата) да и доставувам целосни податоци за сите примени уплати од клуб или фудбалер по било кој основ во врска со услугите направени како посредник .

9. Се согласувам со цел спроведување на истражни активности превземени од надлежни тела на лигите, асоцијациите , конфедерациите или ФИФА а во врска со член 6 став 1 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници да ги доставам сите договори , документи, записи поврзани со моите активности како посредник.
Исто така се согласувам на гореспоменатите тела да им доставам и секаква друга релевантна документација со која трета страна советува или на било кој начин активно учествува во преговорите за кои јас сум ангажиран.

10. Се согласувам асоцијацијата (ФФМ) да ги чува и обработува сите добиени податоци и согласно член 6 став 3 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници истите да ги објавува.

11. Се согласувам асоцијацијата (ФФМ) во согласност со член 9 став 2 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници да ги објавува податоците за изречените дисциплински санкции према мене и ја известува ФИФА за истото.

12. Се согласувам и потполно сум свесен дека оваа декларација може да им биде достапна на членовите на надлежното тело на асоцијацијата (ФФМ).

13. Забелешки и согледувања кои можат да бидат од потенцијална важност:

______________________________________________________________

**Изјавувам дека оваа декларација ја давам во духот на добра волја врз основа на вистината заснована на информациите и материјалите кои ми се достапни во овој момент и се согласувам и ја овластувам асоцијацијата(ФФМ) да може да изврши проверување на дадените податоци во оваа декларација со цел истите да ги потврди.**

**Исто така потврдувам дека во случај на промена на дадените податоци за истото веднаш ќе ја известам асоцијацијата(ФФМ).**

______________ ______________________

(Место и датум) (Потпис)

# Декларација за Посредник за правни лица

**Назив** на компанијата/фирмата (правно лице/ентитет):

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

во понатамошниот текст „**правно лице**"

**Адреса , телефон/факс, е-пошта и веб страна**:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Име и презиме на лицето кое е овластено да го застапува погоре наведеното правно лице**:

______________________________________________________________________

*(забелешка: лице кое дејствува во името на правното лице мора да пополни посебна Декларација за посредник)*

Јас, ________________________________________________

(име, презиме на лицето кое го застапува правното лице/ентитетот)

како овластено лице да го претставувам правното лице наведено во оваа декларација

**ГО ИЗЈАВУВАМ СЛЕДНОТО**:

**1.** Изјавувам дека правното лице кое го претставувам и јас лично при вршење на активностите како посредник ќе ги почитуваме и ќе се однесуваме согласно сите задолжителни одредби на позитивното националното и меѓународното законодавство применливи на работната позиција која ја завземам како посредник.
Исто така се обврзувам дека правното лице кое го претставувам и јас лично при вршење на моите активности како посредник ќе ги почитуваме и се согласуваме со примената на одредбите од статутите и правилниците на асоцијациите и конфедерациите како и Статутот и правилниците на ФИФА.

**2**. Изјавувам дека во моментов немам позиција на официјално лице, како што е објаснето во точка 11 во делот на Дефиниции од статутите на ФИФА, ниту пак ќе заземам таква позиција во блиска иднина.

**3**. Изјавувам дека имам беспрекорна репутација и потврдувам дека надлежни судски, односно управни органи против мене немаат изречено казна за извршени кривични дела, односно прекршоци поврзани со финансиски или криминал поврзан со насилство.

4. Изјавувам дека ниту правното лице кое го претставувам ниту јас лично сме склучиле договор со лига, асоцијација, конфедерација или ФИФА кој би можел да доведе до потенцијален судир на интереси. Во случај на сомнеж за постоење на потенцијален судир на интереси склучениот договор/и ќе бидат даден/и на увид.

Исто така потврдувам дека разбирам за неприменливоста (директна или индиректна) на таквиот договор склучен со лига, асоцијација, конфедерација или ФИФА во случај на постоење на судир на интереси при вршењето на моите активности како посредник.

5. Изјавувам дека согласно член 7 став 4 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници, ниту правното лице кое го претставувам ниту јас лично нема да прифатам да извршам никаква уплата од еден на друг клуб по основ трансфер компензација, тренинг компензација или солидарен придонес.

6. Изјавувам дека согласно член 7 став 8 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници, ниту правното лице кое го претставувам ниту јас лично нема да прифатам било каква исплата од било која страна доколку фудбалерот за кој се работи е малолетен согласно дефиницијата од точка 11 од делот Дефиниции од Правилникот за статус и трансфер на играчите на ФИФА.

7. Изјавувам дека ниту правното лице кое го претставувам ниту јас лично нема да учествувам директно или индиректно или нема на друг начин да бидам вмешан во обложување, коцкање, лотарии и слични настани или трансакции поврзани со фудбалски натпревари.

Разбирам и во целост се согласувам дека на правното лице кое го претставувам и на мене лично ми е забрането да поседувам акции ,активно или пасивно во компании, концерни, организации, итн. кои вршат брокерска улога, промовираат, уредуваат или земаат учество во такви настани или трансакции.

8. Во врска со член 6 став 1 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници, во името на правното лице кое го претставувам се согласувам на асоцијацијата (федерацијата) да и доставувам целосни податоци за сите примени уплати од клуб или фудбалер по било кој основ во врска со нашите услуги направени како посредник .

9. Во името на правното лице кое го претставувам се согласувам заради спроведување на истражни активности превземени од надлежни тела на лигите, асоцијациите , конфедерациите или ФИФА а во врска со член 6 став 1 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници да ги доставам сите договори , документи, записи поврзани активностите на компанијата како посредник.

Исто така се согласувам на гореспоменатите тела да им доставам и секаква друга релевантна документација со која трета страна советува или на било кој начин активно учествува во преговорите за кои мојата компанија е ангажирана.

10. Во името на правното лице кое го претставувам се согласувам оваа асоцијација (ФФМ) да ги чува и обработува сите добиени податоци и согласно член 6 став 3 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници истите да ги објавува.

11. Во името на правното лице кое го претставувам се согласувам оваа асоцијација (ФФМ) во согласност со член 9 став 2 од Правилникот на ФИФА за работа со посредници да ги објавува податоците за изречените дисциплински санкции према правното лице кое го претставувам и ја известува ФИФА за истото.

12. Се согласувам и потполно сум свесен дека оваа декларација може да им биде достапна на членовите на надлежното тело на асоцијацијата (ФФМ).

13. Забелешки и согледувања кои можат да бидат од потенцијална важност:

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

**Изјавувам дека исказите во оваа декларација ги давам во духот на добра волја врз основа на вистината заснована на информациите и материјалите кои ми се достапни во овој момент и се согласувам и ја овластувам асоцијацијата(ФФМ) да може да изврши проверување на дадените податоци во оваа декларација со цел истите да ги потврди.**

**Исто така потврдувам дека во случај на промена на дадените податоци за истото во името на правното лице кое го претставувам веднаш ќе ја известам оваа асоцијација(ФФМ).**

________________ ______________________

(Место и датум) (Потпис)

**МАКФУДБАЛ**
е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**